## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА СКРИПТА „МЕНАЏМЕНТ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ВО ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА" ОД ДОЦ. Д-Р ЈАДРАНКА ДЕНКОВА, ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр.1102-98/12 од 25.3.2015 година, на 115. редовна седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет, одржана на 24.3.2015 година, е избрана Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Јован Ананиев, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип;
– доц. д-р Страшко Стојановски, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип,

за изготвување на извештај (рецензија) на приложениот ракопис „**МЕНАЏМЕНТ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ВО ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА**" од **доц. д-р Јадранка Денкова** наменет за студентите на прв циклус студии на Правниот факултет на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Правниот факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Општи податоци за ракописот***

Најпрво како Рецензентска комисија сакаме да го истакнеме нашето задоволство за искажаната доверба да ја рецензираме скриптата „Менаџмент со човечките ресурси во јавната администрација" наменета за студентите од Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев", напишана од предметниот професор доц. д-р Јадранка Денкова. Предметот Менаџмент со човечките ресурси во јавната администрација е акредитиран во насоката Правни студии, модул Административно право, предметот е задолжителен и се слуша во четврта година седми семестар со фонд на часови е 3+2+2. Скриптата е изработена во согласност со предложената наставна програма по истоимениот предмет и истата ќе овозможи студентите да се стекнат со потребното теоретско и практично знаење поврзано со менаџирањето со човечките ресурси во јавната администрација. Целта на оваа скрипта е да даде приказ на сите фактори што се поврзани со еден најзначаен сегмент за успешноста на организацијата, а тоа се човечките ресурси. Акцентот е ставен на менаџирањето со човечките ресурси во администрацијата. Скриптата опфаќа содржини поврзани со начинот на менаџирањето со човечките ресурси во администрацијата во некои европски земји и Република Македонија. Опфатени се општите правила за менаџмент со човечки ресурси во организацијата, спецификите за менаџирањето со администрацијата, управувањето со квалитет во јавниот сектор и етиката во јавните служби. Содржината во скриптата има поставено јасна цел студентите да го разберат процесот на менаџирањето со човечките ресурси во администрацијата, неговата комплексност и улога во продуцирање на ефективна и ефикасна организација со ефикасна администрација. Особено придонесот за студентите е во осознавање на улогата на администрацијата во државата како организација која треба да ја остварува својата функција со употреба на правилата за менаџирање со човечките ресурси предвидени и за профитните организации.

***Податоци за обемот на ракописот***

Скриптата „Менаџмент со човечките ресурси со јавната администрација" е во обем од 240 страници во А4 формат, со што обемот и содржината ги задоволуваат барањата за соодветност на содржината во согласност со бројот на часовите предвидени за овој

предмет. Скриптата е изработена во согласност со правилата предвидени со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

***Податоци за постоење на сличен или ист наслов***

Сакаме да нагласиме дека досега не е објавен учебник или скрипта со ист наслов со што скриптата „Менаџмент со човечки ресурси во јавната администрација“ ќе даде значаен придонес во образовната програма поврзана со здобивање теоретско и практично знаење за начинот на ефикасно менаџирање со човечките ресурси во јавната администрација.

***Краток опис на содржината***

Содржината во скриптата претставува оригинално дело што се заснова на релевантни научни истражувања и пристапи, разни примери, како и на анализи поддржани со докажан научен пристап. Скриптата „Менаџмент со човечките ресурси во администрацијата“ ја сочинуваат седум поглавја. Во првото поглавје се дадени основите на менаџментот, што е менаџментот, што е менаџментот на човечки ресурси и се опишани најзначајните теории за менаџментот. Во второто поглавје е опфатено менаџирањето со администрацијата во европските земји. Тука се опфатени принципите на администрацијата во европските земји, објаснети се моделите на европски влади и објаснети се спецификите на менаџирањето со човечките ресурси во европските земји. Во третото поглавје се опфатени основните прашања поврзани со стратегискиот менаџмент како неразделен дел од стратегискиот менаџмент со човечките ресурси. Четвртото поглавје ги опфаќа процесите на менаџирање со човечките ресурси во организацијата. Тука е опфатен процесот на планирањето на човечките ресурси и анализата на работните места. Потоа следи процесот на регрутирањето на човечките ресурси, селекцијата на човечките ресурси, обуката на човечките ресурси, развојот и управувањето со кариерата, мотивацијата и конфликтот во организацијата. Петтото поглавје се однесува на менаџирањето со човечките ресурси во јавната администрација во Република Македонија. Овде е опфатена поставеноста на администрацијата во РМ, надлежните органи и институции за менаџирање со човечките ресурси во администрацијата во РМ, постапката на вработување административни службеници, селекција и унапредување на кандидати, стручно усовршување на административни службеници, менторство, управување со учинокот на администрацијата и платите и надоместоците од плата на администрацијата. Тука е опфатен и процесот на оценувањето на администрацијата, дисциплинската и материјалната одговорност и престанокот на работниот однос на административните службеници. Во овој дел се опфатени и општите начела за вработените во јавниот сектор во РМ, класификацијата на работните места во јавниот сектор, актите за внатрешната организација и систематизација на вработените во јавниот сектор. Во овој дел е опфатена евиденцијата на вработените, видовите на вработувања во јавниот сектор, мобилноста на вработените и општите права, должности и одговорности и престанок на работниот однос на вработените во јавниот сектор. Во шестиот дел е опфатено управувањето со квалитетот со јавниот сектор. Тука е опфатен ЦАФ моделот на управување со администрацијата и структурата на моделот. Во седмото поглавје е опфатено управувањето со етиката во јавните служби, описот на етичките стандарди и предизвиците за управување со етиката.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија го дава следниов

## З А К Л У Ч О К

Скриптата „Менаџмент со човечките ресурси во јавната администрација“ од доц. д-р Јадранка Денкова претставува самостојно дело кое ги задоволува критериумите за учебно помагало со теоретски и практичен приказ, што ќе им овозможи на студентите на јасен начин да се стекнат со знаење од областа на менаџирањето со човечките ресурси во администрацијата. Цениме дека скриптата ќе даде придонес во процесот на образованието во Република Македонија поради опфатноста на стручни и научни сегменти поврзани со менаџирањето со човечките ресурси во администрацијата. Затоа имаме чест позитивно да ја оцениме предложената скрипта „Менаџмент со човечките ресурси во јавната администрација“ од доц. д-р Јадранка Денкова и предлагаме Наставно-научниот совет да ја прифати рецензијата на скриптата и да продолжи понатамошна постапка за нејзино објавување.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Вон. проф. д-р Јован Ананиев, с.р.**
**Доц. д-р Страшко Стојановски, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „БОЛЕСТИ НА ОЧИ – ЗА ОПТОМЕТРИСТИ" ОД Д-Р НЕВЕНКА ЛАБАН-ГУЧЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр.2002-112/8 од 139. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 5.5.2015 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Милица Ивановска, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип;
– доц. д-р Зденка Стојановска, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип,

за изготувување на извештај (рецензија) на приложениот ракопис „БОЛЕСТИ НА ОЧИ – ЗА ОПТОМЕТРИСТИ" од авторката доц. д-р Невенка Лабан-Гучева, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Општи податоци за ракописот***

Понудениот ракопис од доц. д-р Невенка Лабан-Гучева со наслов „Болести на очи-за оптометристи" е скрипта за објавување во електронска форма на веб-страницата од Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Скриптата е за предметот Болести на очи – за оптометристи, кој го изучуваат студентите од студиската програма по Оптометрија и очна оптика на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, во шестиот семестар со неделен фонд на часови 2+1+1. Приложениот ракопис на доц. д-р Невенка Лабан-Гучева е во согласност со Предметната програма.

***Податоци за обемот ракописот***

Ракописот на доц. д-р Невенка Лабан-Гучева според обемот ги задоволува основните критериуми за објавување рецензирана скрипта во електронска форма, според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Во својата содржина на 135 страници, скриптата содржи 3 табели, 11 шеми и 109 слики, со кои на студентите им се предочуваат и им се поедноставуваат предметните наставни единици. Станува збор, имено, за скрипта што е изработена врз основа на специфична предметна програма од областа на офталмологијата, составена од предметниот наставник доц. д-р Невенка Лабан-Гучева. Оваа скрипта „Болести на очите за оптометристи" од доц. д-р Невенка Лабан-Гучева се јавува како наставен прирачник што на студентите од Оптометрија и очна оптика во голема мера ќе им го олесни совладувањето на материјата за болестите на очите.

***Податоци за постоење на сличен или ист наслов***

Ракописи со ист или сличен наслов досега не се објавени на македонски јазик, ниту пак на јазиците од регионот.

***Краток опис на содржината***

Се работи за авторско дело кое има за цел на студентите по оптометрија на едноставен, разбирлив начин да им ги објасни заболувањата на очите, нивно лесно препознавање и